У-6.бр.982/2020

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД, во совет составен од судиите: Марта Телегравчиска - претседател на советот, Рамије Цара и м-р.Ѓоко Живковски - членови на советот, со записничар Добрила Бришкоска Арсовска - виш судски соработник, одлучувајќи по тужбата на тужителот Друштво за скенирање и складирање на документи КОНТЕГО ДОО Скопје поднесена преку полномошник Дарко Никодиновски адвокат од Адвокатско друштво Трпеноски, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-351/5 од 08.04.2020 година, од областа на јавните набавки, на седницата одржана на 15.12.2020 година донесе:

# П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Друштво за скенирање и складирање на документи КОНТЕГО ДОО Скопје, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-351/5 од 08.04.2020 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

## О б р а з л о ж е н и е

Тужителот со тужба за управен спор ја оспорува законитоста на Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-351/5 од 08.04.2020 година, поради суштестевени повреди на одредбите од постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог судот тужбата да ја уважи и оспореното решение да го поништи.

Во одговор на тужбата тужениот орган остана кон наводите на оспорената одлука со предлог тужбата да се одбие како неоснована.

Одговорот на тужба даден од страна на тужениот орган, Судот го достави до тужителот  на одговор, меѓутоа истиот до денот на верификација на одлуката не се произнесе.

Судот најде дека тужбата е неоснована.

Со оспореното Решение жалбата на жалителот “Контего“ ДОО Скопје изјавена против содржината на тендерската документација, по огласот за јавна набавка со поедноставена отворена постапка бр.05055/2020 за набавка на услуги за складирање и чување на документација на договрниот орган Јавна здравствена установа Клиника за торакална и васкуларна хирургија Скопје, се одбива како неоснована.

Оценувајќи ја законитоста на оспорената одлука, Судот најде дека е законита и со истата не е повреден Законот на штета на тужителот.

Согласно член 37 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ број 62/2006 и 150/2010), законитоста на оспорениот управен акт судот ја испитува во границите на барањето од тужбата, но притоа не е врзан со причините на тужбата.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ

Согласно член 81 став (1) од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ" бр.24/2019)„Договорениот орган во тендерската документација ги наведува барањата, условите, критериумите и други неопходни информации, со цел да му се обезбеди на економскиот оператор, целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за јавна набавка".

Согласно членот 105 став 1 од Законот за јавните набавки, понудувачот ја изготвува понудата во согласност со тендерската документација.

Согласно член 19 алинеа 1 и 16 од Законот за архивски материјал („Службен весник на РМ" бр.95/2012... и 11/2018)Имателот на архивски и документарен материјал е должен да го заштитува, чува и одржува во изворна состојба без при тоа истиот да се оштети, исчезне или уништи како и обезбедува соодветен простор, стандардна опрема и техничко- технолошки средства средства за чување, заштита и обезбедување на докуметираниот материјал.

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека договорниот орган-Јавната здравствена установа, Клиника за торакална и васкуларна хирургија Скопје спровела постапка за јавна набавка со Оглас за доделување договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.05055/2020 за набавка на услуга за складирање и чување на документацијата, објавена на ЕСЈН, како и во Службен весник на РСМ 75/2020. Предметот на набавката не е делив и истата се спроведувала во електронска форма и било предвидено да заврши со спроведување на Е – Аукција како последна фаза на постапката, во која како критериум за избор била предвидена најниската цена, а од понудувачите било побарано да достават документи за утврдување на лична состојба, техничка или професионална способност, ДРД образец, Изјава за независна понуда и Изјава за сериозност на понудата, како и Гаранција за квалитетно извршување на договорот од 5%.

Незадоволен од содржината на изработената тендерска документација, сега тужителот КОНТЕГО ДОО како заинтересиран економски оператор за учество во постапката, поднесе жалба до Државната комисија на ден 27.03.2020 година, поради неутврдени минимални услови за квалитативен избор во однос на техничката и професионалната способност и противправно утврдени технички барања.

Договорниот орган, во одговор на жалбените наводи, наведува дека како договорен орган постапиле правилно и ги утврдиле сите услови кои се потребни да ги исполнат економските оператори.По однос на предвидениот доказ- Изјава дека ЕО ќе овозможи увид на комисијата од предметметната набавка во просториите на Архивата, архивскиот сеф и серверската соба, тестирање на агрегатото за резервно напојување и тестирање на опремата за дигитализација – скенирање, наведува дека условот и неговиот доказ со кој се поткрепува исполнување е во согласност со законот, и тоа се согласно членот 19 алинеа 1 и 16 од Законот за архивски материјал, како имател на документираниот материјал, договорениот орган е должен истиот да го заштитува, чува и одржува во изворна состојба без при тоа истиот да се оштети, исчезне или уништи и дека како иматели на документираниот материјал се обврзани да – обезбедат соодветен простор, стандардна опрема и техничко-технолошки средства за чување, заштита и обезбедување на истиот.

Постапувајќи по жалбата, Државната комисија за жалби по јавни набавки, го донесе сега оспореното Решение, со кое жалбата на жалителот ја одбила како неоснованаа при тоа образложувајќи ги детално сите жалбените наводи.

Управниот суд имајќи ја во предвид ваквата фактичка и правна состојба, списите во предметот и списите од електронската база на податоци на Бирото за јавни набавки оцени дека во конкретниот случај тужениот орган правилно ја потврдил утврдената фактичката состојба и правилно го применил материјалното право. За својата одлука тужениот орган дал јасни, аргументирани и непротивречни причини, кои во целост како правилни ги прифаќа и овој Суд.

Судот ги ценеше тужбените наводите на тужителот со кои укажува на фактот дека во предметната спорна тендерска документатција не се предвидени минималните услови за утврдување на способност со што договорниот орган постапил спротивно на член 92 пд Законот за јавни набавки и допринел до дискриминација на економските оператори и ограничување на пазарната економија, но иститe ги одби како неосновани, од причини наведени во образложението на оспореното Решение.

Судот посебно го оцени тужбениот навод во однос на неправилната примена на Законот за архивски материјал и Правилникот за кадровски, технички и просторни услови кои треба да ги исполнат документарните центри за заштита, чување и користењето на приватниот архивдки и документарниот материјал (Службен весник на РМ бр.99/13) според кој договорниот орган не сме да определува услови ниту пак е надлежен да определува такви услови кои се вон условите определени со посебните прописи за овој вид на дејност, но истите ги одби како неосновани, од причини што токму согласно Законот за архивски материјал и со подзаконските акти за областа, Договорниот орган го има подготвено тендерската документација согласно потребите како имател на документарно - архивскиот материјал, додека секој понудувач ја изготвува понудата во согласност со условите во таа тендерската документација.

Со оглед на горе изнесеното, Судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи согласно член 39-а став 1 од Законот за управни спорови.

Пресудено во Управниот суд на 15.12.2020 година под У-6.бр.982/2020

Записничар- судски соработник — Претседател на совет-Судија
Добрила Бришковска Арсова — Марта Телегравчиска

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 15 дена по приемот на истото, преку овој суд до Вишиот управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за тужба во износ од 480,00 денари како и одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00,

Пресудата да се достави на:
-Тужител преку полномошникот
-Тужениот орган

Претседател на совет-Судија
Марта Телегравчиска

ЕДП.

Управен суд Скопје
Gjykata Administrative Shkup
Република Македонија / Republika e Maqedonisë
10

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува
Судски службеник
4